С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 09 година XLV

16 јуни 2010

115.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес

Се објавува **Одлуката за донесување на Детален урбанистички** план за дел од блок 33–Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/1
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07, 91/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.06.2010 година донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на **Детален урбанистички план** за дел од блок 33 – Општа болница Велес(3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес

Документацијата за донесување на детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07, 91/09), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.78/06, 140/07, 12/09, 93/09 и 52/10)и Правилник за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува **Детален урбанистички план** за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 3,40 ха.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

на **север** со ул. “Благој Ѓорев”,
на **исток** со ул. “Орце Мартинов”,
на **запад** со ул. “Љубљанска” и
на **југ** со ул. “Игманска”

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

- Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на **Детален урбанистички план** за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес;
- Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;
- Извештај од јавна презентација и јавната анкета на **Детален урбанистички план** за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес.

Член 4

За **Детален урбанистички план** за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40 ха) (2009-2014)-Општина Велес има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.16-3535/2 од 27.05.2010 година.

Член 5

Детален урбанистички план за дел од блок 33–Општа болница Велес (3,40 ха)(2009-2014)-Општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ - подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам-Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Детален урбанистички план за дел од блок 33 – Општа болница Велес (3,40ха)(2009-2014)-Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2896/2
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

116.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
За објавување на Одлука за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за Велес, локалитет – дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.„Ордан Ѓинот", дел од ул.„Стеван Богоев" и КП 9804) Општина Велес

Се објавува **Одлуката за утврдување Нацрт-детален урбанистички план за Велес, локалитет – дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул.„Ордан Ѓинот", дел од ул.„Стеван Богоев" и КП 9804), Општина Велес**, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/2
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05, 137/07, 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за Велес локалитет - дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев" и КП 9804) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт-детален урбанистички план за Велес локалитет-дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев" и КП 9804) - Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-деталниот урбанистички план за Велес локалитет-дел од урбана единица 09, дел од урбан блок 47 (помеѓу дел од ул."Ордан Ѓинот", дел од ул. "Стеван Богоев" и КП 9804) - Општина Велес Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2896/3
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

117.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.”Благој Ѓорев”, дел од крак на ул. “Првомајска” и дел од ул. “Белградска”) Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.”Благој Ѓорев”, дел од крак на ул. “Првомајска” и дел од ул.“Белградска”) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06..2010 година.

Број 08-2988/3
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07, 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од Велес локалитет - дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.”Благој Ѓорев”, дел од крак на ул. “Првомајска” и дел од ул.“Белградска”) Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.”Благој Ѓорев”, дел од крак на ул. “Првомајска”,и дел од ул. “Белградска”) - Општина Велес.

По утврдувањето на нацрт Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет-дел од урбана единица 7, дел од урбан блок 43 (помеѓу дел од ул.”Благој Ѓорев”, дел од крак на ул. “Првомајска”,и дел од ул. “Белградска”) - Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во кругот на месната самоуправа и во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2896/4
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

118.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на урбанистички план вон населено место Велес урбана единица 1- блок 5 Езеро Младост-Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на урбанистички план вон населено место Велес урбана единица 1- блок 5 Езеро Младост-Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/4
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05, 137/07, 91/09) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на урбанистички план вон населено место Велес урбана единица 1- блок 5 Езеро Младост-Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес го утврдува Нацрт-изменувањето и дополнувањето на урбанистичкиот план вон населено место Велес урбана единица 1- блок 5 Езеро Младост-Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-изменувањето и дополнувањето на урбанистички план вон населено место Велес урбана единица 1- блок 5 Езеро Младост-Општина Велес, Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе биде објавено со соопштение до јавните гласила и печатен медиум.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2896/5
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

119.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/5
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ” бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички План	Подносител на иницијатива	
1.	40	КП 2700 и КП 2702/2 КО Велес Б2 бр.9	ДУП Централно градско подрачје Велес измена и дополна Локалитет-А одлука бр. 070-1411/9 од 28.02.2002	Мијалков Тодор, Бобевски Атанас и „Жито Вардар“ АД Велес	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2896/6
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

120.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/6
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички План	Подносител на иницијатива	
1	41	КП 6623 КО Велес ГП 42	ДУП МЗ 9-ти Ноември одлука бр. 07-487/6 од 12.05.2000	Миле Јанакиевски	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација **на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка урбанистичка документација.**

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локална урбанистичка планска документација, истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локалната урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2896/7
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

121.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/7
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички План	Подносител на иницијатива	
1	42	КП 6205 КО Велес	ДУП МЗ 9-ти Ноември одлука бр. 07-487/6 од 12.05.2000	Наќе Јолдески	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локална урбанистичка планска документација на територијата на Општина Велес ќе претставува основа за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија, за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт-урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-2896/8
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

122.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),ж

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за формирање Партиципативно тело од областа на урбанизмот

Се објавува Одлуката за формирање Партиципативно тело од областа на урбанизмот, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/9
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ" бр.51/05,91/09 и 4/10) и член 38 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за формирање на Партиципативно тело од областа на урбанизмот

1. Со оваа одлука се формира Партиципативно тело од областа на урбанизмот (во понатамошниот текст Партиципативното тело).

Партиципативното тело го сочинуваат 7 (седум) члена и се избираат од редот на членовите на Советот, стручно лице од општинската администрација, истакнати стручни лица од областа на урбанистичкото и просторното ланирање, претставници од здруженија на граѓани и граѓани од подрачјето наОпштината.

2. За членови на Партиципативното тело се именуваат:
- Дипл.прав.Петре Најдов
- Геометар, Горан Крстев
- Дипл.маш.инг. Димче Аспоров
- Град.инг. Томе Јаневски
- Дипл.арх.инг. Стана Амбаркова
- Дипл.град.инг. Јонче Димков
- Дипл.арх.инг. Димитар Ќамилов

3. Партиципативното тело има овластувања да ги следи состојбите во урбанистичкото планирање, да ги пренесува ставовите и мислењата на граѓаните и правните лица и преку давање иницијативи, насоки и сугестии придонесува во процесот на изготвување плански решенија за Општината.

4. Советот на општината е должен да ги разгледа иницијативите, насоките и сугестиите од ставот 3 на оваа Одлука и да одлучи во врска со нив.

5. Мандатот на членовите на Комисијата трае колку и мандатот на членовите на Советот на Општина Велес.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2896/9
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

123

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на користење на недвижна ствар

Се објавува Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/8
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на користење на недвижна ствар

Член 1

На Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк – Спорт" – Велес му се дава на користење недвижна ствар

-Помошно фудбалско игралиште кое се наоѓа на место викано „Парк“ на КП 1809/3 за КО Велес со површина од 10.766 м2 што се води на имотен лист бр.27017.

-Ракометно игралиште кое се наоѓа на место викано „Парк“ на КП 2041 за КО Велес со површина од 2.052 м2 што се води на имотен лист бр.9854.

Член 2

Градоначалникот ќе склучи посебен договор со ЈПССО„Парк -Спорт" за начинот и условите на користење на недвижната ствар.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2896/10
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

124.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за пренесување на основно средство

Се објавува Одлуката за пренесување на основно средство, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/10
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 65 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.06.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за пренесување на основно средство

Член 1

Со оваа Одлука се врши пренесување на основно средство – сточетириесетитри (143) поцинковани контејнери од 1,1 $м^3$ од Општина Велес во ЈКП „Дервен“, со вкупна вредност од 2.395.771,00 денари, на трајно користење.

Член 2

Основното средство од член 1, во ЈКП „Дервен“ ќе се користи за потребите на корисниците на услугата за собирање и транспортирање на комунален отпад.

Член 3

ЈКП „Дервен“ е должен да ги постави/премести/отстрани контејнерите согласно издадено одобрение од страна на Одделението за комунална инфраструктура во Општина Велес.

ЈКП „Дервен“ е должен да врши одржување и поправка на контејнерите по потреба, на начин со кој нема да се наруши амбиенталниот простор и да спречи појава на ширење на непријатна миризба во урбаната средина.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2896/11
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

125.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност
за поставување на оптички кабел

Се објавува Одлуката за давање согласност за поставување на оптички кабел, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/11
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за поставување на оптички кабел

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес на кабелскиот оператор NEOTEL му дава согласност да изврши поставување на оптички кабел на 21 столб за улично осветлување сопственост на Општина Велес.

Член 2

Согласноста на поставувањето на оптичкиот кабел се дава за период од 3(три) години и се однесува на столбовите за улично осветлување кои се протегаат на улица „Благој Ѓорев“ (од Трговскиот центар до пешачкиот надвозникот на битолска пруга).

Член 3

За добивањето на согласноста за поставување кабелскиот оператор NEOTEL е должен:

- да уплаќа на сметката на Општина Велес по 61,50 денари месечно за секој столб за улично осветлување на кој е поставен оптичкиот кабел за една година однапред.

Член 4

За поконкретно утврдување на правата и обврските Градоначалникот ке склучи посебен договор со претставникот на кабелскиот оператор NEOTEL.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2896/12
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

126.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање на трајно користење недвижна ствар на Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка: проектор за интерактивна табла

Се објавува Одлуката за давање на трајно користење недвижна ствар на Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка: проектор за интерактивна табла, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/12
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на трајно користење на движна ствар на Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка: проектор за интерактивна табла

Член 1

Со оваа одлука на Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка им се дава на трајно користење движна ствар –проектор за интерактивна табла и тоа:

Ред. број	Општинско училиште	Тип	Количина
1	ООУ „Благој Кирков“	проектор за интерактивна табла	1
2	ООУ „ЈХК Џинот“	проектор за интерактивна табла	1
3	ООУ „Блаже Конески“	проектор за интерактивна табла	1
4	ООУ „Васил Главинов“	проектор за интерактивна табла	1
5	ООУ „Св. Кирил и Методиј“	проектор за интерактивна табла	1
6	ООУ „Рајко Жинзифив“	проектор за интерактивна табла	1
7	ООУ „Стојан Б. Буридан“	проектор за интерактивна табла	1
8	ООМУ „Киро Димов“	проектор за интерактивна табла	1
9	ССОУ „Димитр. Чуповски“	проектор за интерактивна табла	1
10	ССОУ „Коле Неделковски“	проектор за интерактивна табла	1
11	ОСУ „Јовче Тесличков“	проектор за интерактивна табла	1
12	СОУ Гимназ. „Кочо Рацин“	проектор за интерактивна табла	1
13	ОЈУ Д.Г. „Димче Мирчев“	проектор за интерактивна табла	1

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа Одлука се дава на трајно користење и без надомест на Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка.

Член 3

Општинските основни и средни училишта и ОЈУ Детска градинка се должни движната ствар да ја воведат во својата книговодствена евиденција, да се грижат и да ја одржуваат истата со внимание на добар домаќин .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-2896/13
16.06.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

127.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/13
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот донесена од Владата на Република Македонија (Сл.весник на РМ бр. 50/05 ,40/10, 46/10)) Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 15.06.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта на територијата на Општина Велес

Чл.1

Со оваа одлука се определени критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта во кои спаѓаат:

а) **земјоделско земјиште**,
б) **шуми** и
в) **пасишта**

на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок според просечните цени на извршените купопродажби во 2009 година на подрачјето на општината, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Владата на Република Македонија.

Чл.2

При утврдувањето на пазарната вредност на земјоделското земјиште се зема во предвид култура и класа,стрмнина,длабочина ,ерозија,можности за иригација и користење на машинерија,апсорпција на вода и сл.

Чл.3

Катастарските Општини во рамките на подрачјето на Општина Велес се поделени во групи според местото каде земјоделското земјиште се наоѓа.

Според тоа пазарната вредност на земјоделско земјиште за метар квадратен изнесува:

I . ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по м2 во денари			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со вода, покрај вода	
				ниви	лозја , овоштарн.
1. Башино село, 2. Велес, 3. Горно Оризари, 4. Долно Оризари 5. Отовица,	I II III IV V VI VII VIII	80,00 70,00 60,00 50,00 40,00 30,00 20,00 10,00	100,00 90,00 80,00 70,00 60,00 50,00 40,00 30,00	95,00 85,00 75,00 65,00 55,00 45,00 35,00 25,00	120,00 110,00 100,00 90,00 80,00 70,00 60,00 50,00

I. – А група

Катастарска Општина	Класа	во систем со: вода, покрај вода	
		ниви	лозја , овоштарници
1. Велес 2. Башино село Во делот кој го опфаќа Речниот појас на реката Вардар со места викани: 1. Среден пат 2. Лака 3. Дрењевица 4. Бавчи 5. Шорка 6. Јолџик 7. Умин дол 8. Отовица	I II III IV V VI VII VIII	260,00 240,00 220,00 200,00 180,00 160,00 140,00 120,00	280,00 320,00 240,00 220,00 200,00 180,00 160,00 140,00

II. ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по м2 во денари			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со вода	
				Ниви	Лозја и овоштарници
1. Бузалково	I	50,00	55,00	60,00	70,00
2. Горно Караслари	II	45,00	50,00	55,00	65,00
3. Долно Караслари	III	40,00	45,00	50,00	60,00
4. Иванковци	IV	35,00	40,00	45,00	55,00
5. Кумарино	V	30,00	35,00	40,00	50,00
6. Мамутчево	VI	25,00	30,00	35,00	45,00
7. Новачани	VII	20,00	25,00	30,00	40,00
8. Ораовец	VIII	15,00	20,00	25,00	35,00
9. Раштани					
10. Сујаклари					
11. Црквино					
12. Чолошево					
13. Бабуна					

III . ГРУПА

Катастарска Општина	Класа	Пазарна вредност по м2 (во денари)			
		ниви ливади шуми пасишта	лозја овош	во систем со : вода, покрај вода	
				ниви	лозја , овоштарници
1. Белештевица	I	22	30	32	40
2. Ветерско	II	20	26	28	35
3. Карабуњиште	III	16	22	24	30
4. Крушје	IV	14	20	20	25
5. Лугунци	V	10	18	15	22
6. Ново село-Велес	VI	8	14	10	18
7. Рлевци	VII	6	10	8	15
8. Рудник	VIII	5	8	6	10
9. Сливник					
10. Слп					
11. Сопот					
12. Џидимирци					

Чл.4

Во Катастарските Општини: Караслари , Оризари , Башино село , Отовица и во населбите Превалец и Речани кои се наоѓаат на територијата на КО Велес, земјоделското земјиште во овие места кое се наоѓа на 100 метри од левата и десната страна на (локалниот, регионалниот односно на автопатот кој поминува кај некое од тие места) пазарната вредност на земјоделското земјиште изнесува:

Нива, ливада ,пасиште	III класа	200,00 ден. за м2
Нива, ливада ,пасиште	IV класа	150,00 ден. за м2
Нива, ливада ,пасиште	V класа	120,00 ден. за м2
Нива, ливада ,пасиште	VI класа	80,00 ден. за м2

Чл.5

Пазарната вредност за неплодно земјиште и утрина се утврдува по вредноста утврдена за нива VIII класа.

Чл.6

Комисијата при утврдувањето на пазарната вредност на земјиштето може да утврди и друга култура и бонитетна класа од онаа што е запишана во Имотниот лист односно во Поседовниот лист каде што е евидентирана недвижноста, во зависност од состојбата на земјиштето што ќе се констатира по извршениот увид на лице место.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Велес.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев

Број 07-2896/14
16.06.2010 година
Велес

128.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на зони при примена на методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот

Се објавува Одлуката за утврдување на зони при примена на методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 15.06.2010 година.

Број 08-2988/14
16.06.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

